Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 11-3848
05.06 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МЕПСО

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

АД МЕПСО – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, во своите деловни активности кои се од јавен интерес и при реализација на работните процеси е посветен на континуирана заштита на животната средина.

Грижата за животната средина е определба и дел од развојните планови и стратегии на Менаџерскиот тим на АД МЕПСО. Друштвото тоа го докажува со одржување и постојано подобрување на имплементираниот Систем за управување со животната средина во согласност со барањата на меѓународниот Стандард ISO 14001.

Свесни за важноста на здрава животна средина и одговорни за нејзина заштита, менаџерскиот тим на АД МЕПСО, заедно со вработените ја потврдува определбата за ефективно и ефикасно управување со своите влијанија врз животната средина согласно следните принципи :

- Редовно ги следи и работи во согласност со законите и прописите од областа на заштита на животната средина ;
- Стратешки планира и реализира инвестиции во својата електро-преносна мрежа со што постојано се зголемува и подобрува доверливоста и оперативноста на електро –енергетскиот систем со одговорно управување со животната средина, истовремено промовирајќи еколошки издржан и одржлив развој;
- Идентификува аспекти кои влијаат или можат да влијаат на животната средина и врз основа на нив превзема превентивни мерки со цел да се намали загадувањето на животната средина;
- Врши контрола на работните процеси кои имаат влијание врз животната средина;
- Воспоставува систем на цели за животна средина и планови за нивна реализација;
- Ги користи најдобрите достапни технички достигнувања и искуства со цел подобрување на системот за управување со животната средина;
- Применува конкретни процедури и мерки за намалување на штетите врз животната средина;
- Штеди енергија и ја намалува употребата на штетни материи и количество на отпад;
- Ги применува најдобрите меѓународни практики и соработува со добавувачи и изведувачи кои применуваат стандарди за заштита на животната средина;

Политиката за заштита на животната средина ги дефинира целите и насоките на Менаџерскиот тим и Раководните структури, а се спроведува од страна вработените во АД МЕПСО кои согласно деловните активности се посветени на исполнување на мисијата и визијата за зачувување, управување и одржливо користење на природните ресурси , во хармонија со природата.

Одлука на УО бр. 02-3597/4
28.05.2024 год.

Претседател на УО
Zuhdi Ehtiz

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво ... Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut ... Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP